Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 66, 15 септември 2011 година

септември 2011 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања на наставно-научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за наставно - научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област комуникации и МАС-медиуми на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 18

**РЕФЕРАТ** за избор на соработници - помлади асистенти / асистенти за научното подрачје правни науки (еден соработник помлад асистент/асистент за научната област римско право и еден соработник помлад асистент/асистент за научната област казнено право) на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање доцент во научната област социологија на политиката на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на еден доцент за наставно-научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 45

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистенти од областа транспортна механизација на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научната област македонистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 52

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Девизен систем и девизно работење“ (скрипта) од авторот доц. д-р Крсте Шајноски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 55

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Монетарна економија“ (скрипта) од авторот доц. д-р Крсте Шајноски, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 61

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за е-скрипта „Анимација во туризмот” од д-р златко јаковлев, по предметот анимации во туризмот на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 66

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО - НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИНФОРМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2002-103/3 од 31.8.2011 год., донесена на 49. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика во Штип, одржана на 31.8.2011 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија по распишаниот Конкурс за избор на соработник во звање ***асистент*** за научната област ***информатика***.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник" и „Лајм" на 18.8.2011 год., и во предвидениот рок се пријавил кандидатот м-р Тодор Чекеровски, помлад асистент на Факултетот за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Тодор Чекеровски** е роден на 21 октомври 1980 година во Штип, Р. Македонија. Основното и средното образование (ДЕМУ „Коле Нехтенин", насока Електротехничар - електроничар) завршува во Штип, со одличен успех.

Во учебната 2000 година се запишува на Технички универзитет во Софија, Р. Бугарија, на Факултет за компјутерски системи и технологии на насоката Компјутерски техники и технологии, каде што дипломира во 2005 година.

Во учебната 2005 година се запишува на постдипломски студии на Факултетот за компјутерски системи и технологии при Технички универзитет во Софија, Р. Бугарија, на насока Компјутерски техники и технологии. Постдипломските студии ги завршува со просечен успех 8,29. На 8 септември 2008 година кандидатот добива потврда за одбранет магистерски труд со наслов „*Уред на снимање на GPS координати*" и се стекнува со академски степен **магистер по компјутерски системи и техники**.

На 11 септември 2009 година на Факултет за природни и технички науки - Штип при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип кандидатот ја пријавува **докторската дисертација** на тема „*Оптимизација на диспечерски систем за управување на мобилна рударска опрема со примена на GPS технологии*" под менторство на проф. д-р Јордан Живановиќ.

***Наставно - образовна дејност и работно искуство***

Во периодот од 1 јуни 2006 година до 1 јули 2007 година се вработува како систем-инженер за сервис и одржување на компјутери и компјутерска опрема во фирмата "Q – electronics" во Софија, Р. Бугарија.

Во периодот од 1 октомври 2007 година до 1 март 2008 година е ангажиран за обука на корисници на GPS уреди и нивна употреба од инсталација, одржување и сервисирање до надградба во фирмата "Musat" во Софија, Р. Бугарија.

Во декември 2008 година е избран за **помлад асистент** на Факултет за информатика по предметите од областа информатика, каде што работи и денес. Во изминатиов период е вклучен како помлад асистент за аудиториските и лабораториските вежби по следниве предмети - *Факултет за информатика*: Електротехника (Штип), Електротехника (Струмица), Електротехника (Берово), Електроника (Штип), Електроника (Струмица), Електроника (Берово), Архитектура на компјутери (Штип), Архитектура на компјутери (Струмица), Компјутерски мрежи (Штип), Компјутерски мрежи (Струмица).

***Научноистражувачка дејност***

Покрај наставно-педагошката дејност, кандидатот се занимава со научноистражувачка работа, која се гледа од приложените научни трудови.

Учесник е во TEMPUS VICES проектот во кој учествуваат неколку државни и прватни универзитети во Р. Македонија, вклучувајќи го и Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. Целта на проектот е да се опремат овие универзитети со опрема за видеоконференциски врски и да се обучи наставничкиот кадар како да ја примени во наставната програма.

***Објавени научни трудови по изборот во помлад асистент***

Објавува повеќе трудови како автор и коавтор во зборници и научни списанија во странство. Учествува на конгреси, симпозиуми и интернационални конференции:

1. **T. Cekerovski,** J. Zivanovic, K. Minov „The role of the gps- system in integrated control system skylines in mine for copper bucim ", Proceedings of the XI th national conference with international participation of the open and underwater mining of minerals, 2011.
2. **T. Cekerovski,** J. Zivanovic, Z. Despodov „Comparison of some parameters from the old and the new control system in mine bucim", Proceedings of the XI th national conference with international participation of the open and underwater mining of minerals, 2011.

***Курсеви, обуки и стекнати сертификати***

1. Кандидатот има добро познавање на бугарскиот и англискиот јазик.
2. TEMPUS VICES, обука за поставување и примена на видеоконференции во наставата, Будимпешта, 2011.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатот, согласно со Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип т.е. стекнатиот академски степен на образование, објавените научни трудови, учеството во реализацијата на наставата и работа на научноистражувачки проекти, ги исполнува сите критериуми за избор во повисоко академско звање асистент.

Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно- научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип **м-р Тодор Чекеровски да го избере во *асистент* за научната област *информатика*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Вон. проф. д-р Јордан Живановиќ, претседател, с.р.**
**Вон. проф. д-р Владо Гичев, член, с.р.**
**Доц. д-р Сашо Коцески, член, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Поени на кандидатот м-р Тодор Чекеровски, остварени по неговиот избор за помлад асистент, според табелата дадена со Правилникот за единствени критериуми за избор на наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**
**Табела за вреднување на активностите на м-р Тодор Чекеровски, помлад асистент, во реизборниот период, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 20 | 0,2 × 3 | **12** |
| | | **Вкупно** | **12** |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на трудови | 2 | 2 | **4** |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | **4** |
| Учесник на научен проект (макс. во 3 проекти) | 1 | 2 | **2** |
| Студиски престој во странство (8 еднократно) | 1 | 8 | **8** |
| | | **Вкупно** | **18** |
| | | **Вкупно** | **30** |

Минимум поени кои се однесуваат на целокупната активност на кандидатот по неговиот избор за помлад асистент, потребни за да биде избран во соработничко звање асистент се: 25 поени од научно-образовна дејност и научноистражувачка дејност.

Кандидатот м-р Тодор Чекеровски по изборот за помлад асистент ги има остварено следниве поени: НО = 12 и НИ = 18 или вкупно 30 поени.